Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 29, 15 октомври 2009 година

октомври 2009 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент од областа германски јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ................................. 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научно подрачје биологија-биохемија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........................................................... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........................................................................................................ 19

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на педагогија“ од проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева од Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ............ 35

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Теорија на воспитание“ од проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева од Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ............ 37

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ОСНОВИ НА ПЕДАГОГИЈА“ ОД ПРОФ. Д-Р ЕМИЛИЈА ПЕТРОВА-ЃОРЃЕВА ОД ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет во Штип, бр. 2102- 62 /11 од 17.9.2009 година, донесена на седницата одржана на 11.9.2009 година, определени сме за рецензенти на пријавениот ракопис за учебник со наслов **„ОСНОВИ НА ПЕДАГОГИЈА“** од **проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева** од Педагошки факултет во Штип.

Врз основа на деталниот и сеопфатен преглед на доставениот материјал, имаме чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Предложениот ракопис за учебникот со работен наслов „ОСНОВИ НА ПЕДАГОГИЈА“ е наменет за користење од страна на студентите што го слушаат предметот Основи на педагогија на насоката Предучилишно воспитување, во првиот семестар, со неделен фонд на часови 2+2+1, со оптовареност од 6 кредити и на насоката Одделенска настава, во вториот сементар, со неделен фонд на часови 2+2+2, со оптовареност од 8 кредити. Се работи за учебник кој ќе претставува основна литература што студентите треба да ја користат во изучувањето на овој базичен педагошки предмет. Бројот на предвидените страници е 120, а бројот на прилозите што треба да се поместат во него е 10. Се планира форматот на учебникот да биде В5.

Како што може да се види од предложениот и приложениот ракопис, во рамките на учебникот се поместени повеќе поглавја кои претставуваат една логички заокружена целина, која се однесува на основните постулати на педагошката наука. Во целина гледано, изборот на поглавјата кои се поместени во ракописот и начинот на кој се обработени и презентирани во целост соодветствуваат со профилите за кои е наменет учебникот. Тоа значи дека студентите ќе добијат можност да навлезат во педагошката наука и да ги постават основите на стручните предмети од педагошкото подрачје, кои во курикулумот се предвидени за подоцнежното изучување. Истовремено, изборот на содржини овозможува во рамките на специфичните методики да се операционализираат педагошките прашања и проблеми.

Воведот во педагошката наука е вешто направен преку дефинирањето на педагогијата како наука, појаснувањето на основните педагошки поими кои се користат во нејзини рамки, а воедно тоа е направено и со помошните поими кои таа ги користи. Не помала важност се дава и на воспоставувањето на релациите помеѓу нив, како многу значајни и сложени.

Современиот третман на педагогијата, како наука за воспитанието што се опсервира како општествена појава, систем и процес, е застапен во предложениот ракопис. При ова, третманот на воспитанието како систем претставува заокружена целина, со тоа што воспитниот систем се анализира преку определувањето како систем, неговите принципи, карактеристики, како и појаснувањето на начинот на кој тоа е организирано во систем и како функционира.

Поместувањето на воспитанието како процес, преку точното определување и оправдување за негово постоење и функционирање како систем е на ниво на неопходниот современ третман на истото. Анализата на воспитанието како процес е вешто направена преку анализата на принципите врз чија основа функционира тој процес, методите кои се користат при реализацијата на целите на процесот. Издвоен е доволен простор и преку соодветни содржини е третирана проблематиката на носителите на воспитниот процес, олицетворени преку воспитаникот и воспитувачот. При ова посебно место се издвојува за трендот на проучување на педагошката проблематика, кој се фокусира на процесот на идеализација на комуникацијата помеѓу нив. Тоа е едно од најактуелните парашања кои се

во трендот на педагошката дискусија, а во ракописот се дадени на сосема задоволително ниво, односно во целост може да се долови односот помеѓу овие два субјекта и важноста на тој однос и релации.

Педагошкото водење на одделението е проблематика која се наметнува во рамките на педагошката наука со целата своја сериозност, постојано и секогаш со нови предизвици. Во ракописот се поместени содржини кои прават успешен обид за вовед на студентите во практичната работа која ги очекува во нивната секојдневна работа. Со успех се отвораат некои прашања кои ги доловуваат ситуациите во одделението и упатуваат на тоа што идниот водител-наставник во рамките на таа работа треба да направи, со кои знаења, вештини и способности треба да располага.

Неизбежната ситуација во секоја современа педагошка работа секако дека претставува примената на ИКТ при реализацијата на воспитниот процес. Во ракописот е предвиден простор и содржини кои ја понудуваат неопходната теоретска основа врз која се засновува примената на овој вид технологија. Ова е многу важно, со оглед на тоа што идните наставнички профили мора да разберат, најнапред на теоретско а потоа и на апликативно ниво, која е педагошката димензија при примената на ИКТ, а тоа во понудениот ракопис е поместено на начин кој ја погодил намерата.

Педагошката наука на нашите простори посебно во последно време своето внимание го свртува кон проблематиката на мултикултурализмот и интеркултурализмот. Во понудениот ракопис се даваат напатствија како може педагошката наука да помогне во креирањето на здрава мултикултурна средина во која функционира интеркултурализмот како животно мото. Тоа е посебно важно да се истакне, а авторката на ракописот тоа го прави со успех, дека дури и сега, а посебно во иднина, од педагошката практична умешност која се засновува на теоретска подготвеност на наставникот во голема мера зависи борбата со предрасудите кон другиот и градењето на толерантноста како врвен квалитет на животот во една мултикултурна средина, што во крајна линија станува сѐ позначајно во современи услови на работа на наставникот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Како што е осмислен и организиран ракописот, тој нуди можност за оригинален пристап кон основите на педагошката наука, со цел да се користи како учебник во наставата на Педагошкиот факултет и на другите факултети каде се изучува предметот Педагогија. Напоменуваме дека литературата која е користена при подготовката на учебникот ги задоволува критериумите за современост и актуелност.

Поради тоа, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет **да го прифати позитивно рецензираниот ракопис од проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева како редовен учебник и да одобри негово печатење.**

**Рецензенти**

**Проф. д-р Татјана Атанасоска**
**Педагошки факултет, Битола, с.р.**
**Проф. д-р Деан Илиев с.р.**
**Педагошки факултет, Битола, с.р.**